КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки


**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk


Ноември, 2021

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

На 04.11.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинетите и нивните бранители.

На 10.11.2021 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваше првообвинетиот.

На 11.11.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради лоша здравствена состојба на еден обвинет.

На 17.11.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани двајца обвинети.

На 24.11.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани тројца обвинети.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 02.11.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет.

На 24.11.2021 година, на рочиштето за главна расправа се утврдија листите со докази како би можела доказната постапка да продолжи.

## „ТНТ“ КОК-53/17

На 03.11.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранители.

На 08.11.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранител.

На 16.11.2021 година, на рочиштето за главна расправа јавниот обвинител се произнесе по листите на докази предложени од страна на одбраната на обвинетите. Судот прифати само дел од доказите предложени од страна на одбраната.

На 19.11.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани две вешти лица.

На 30.11.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитано вешто лице.

## „СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ“ КОК-3/20

На 05.11.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранител од здравствени причини.
На 23.11.2021 година, на рочиштето за главната расправа започна одново. Странките во постапката дадоа воведни говори.

## „ЧЛЕН НА СУДЕЧКИ СОВЕТ З.Т.“ КОК-27/21

На 09.11.2021 година, рочиштето за главна расправа започна одново поради протек од 90 дена од последното одржано рочиште.

## „ДИАМЕД“ КОК-44/21“

На 03.11.2021 година, на рочиштето за главна расправа се испитаа шест сведоци предложени од јавниот обвинител.

На 22.11.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази на јавното обвинителство.

На 24.11.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитано вешто лице предложено од страна на јавното обвинителство.

## „ТАЛИР“ КОК-3/19“

На 12.11.2021 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази на јавното обвинителство.

На 18.11.2021 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази на јавното обвинителство.

## „ДРУМАРИНА“ К-2799/20“

На 12.11.2021 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази на јавното обвинителство.

На 25.11.2021 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради непотполн судечки совет.

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17“

На 15.11.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан еден сведок на јавното обвинителство и беа изведени материјални докази на одбраната.

## „МАРИГЛЕН“ К-1271/16 “

На 16.11.2021 година, на рочиштето за главната расправа започна одново поради протек од 90 дена од последното одржано рочиште. На рочиштето беа изведени материјалните докази на јавното обвинителство и беше испитан еден сведок.

## „МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-49/20“

На 19.11.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани сведок и технички советник на одбраната.

На 24.11.2021 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на сведок.

## „ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК-30/20“

На 23.11.2021 година, на рочиштето главната расправа  започна одново. Странките во постапката дадоа воведни говори.
На 29.11.2021 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази на јавното обвинителство.

## „КАМПАЊА“ К-416/21

На 05.11.2021 година, рочиште беше одложено поради тоа што списите на предметот се во Апелациониот суд во Скопје.

## „ЕРАЗМУС“ КОК-65/21

На 02.11.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинети и јавен обвинител.

## „ТАЛИР 2“  К-1413/19

На 09.11.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранител.

На 26.11.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

## „КОМИСИЈА“ К-930/18

На 05.11.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

На 30.11.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на една обвинета.

## „ВАНГЕЛОВСКИ“ К-2048/20

На 04.11.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинетиот. На 30.11.2021 година, рочиштето за главна расправа одложи по барање на одбраната.

## „ПРЕДМЕТОТ ЗА ЈЕЛЕНА ФИЛИПОВИЌ“ К-2384/21

На 08.11.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше даден воведен говор од страна на јавниот обвинител, а обвинетиот призна вина за делото што му се става на товар.

На 19.11.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше јавно објавена пресудата со која судот обвинетиот го огласи за виновен и му определи казна ефективен затвор во траење од 7 години и 6 месеци. Воедно судот му изрече и забрана за управување со моторно возило во траење од 5 години. По предлог на јавниот обвинител, судот донесе решение за замена на мерката куќен притвор со затворски притвор.

## „ЈАВНА СОБА“ К-1851/21

На 12.11.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.